ТИД "Студио Андес" ДООЕЛ – Радовиш
ул: 8ми Септември број 107
2420 Радовиш Р. Македонија
Телефон: ++ 389 32 611 611
Факс: ++ 389 32 632 499

ТРГОВСКО ИЗДАВАЧКО ДРУШТВО "СТУДИО АНДЕС" – РАДОВИШ
КАБЕЛСКА ТЕЛЕВИЗИЈА "АНДЕС НЕТ"

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ
Примено: 19.07.2013

| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| УП1-Бр 1605 | 748 | 4 | |

Склучува

# ДОГОВОР

Склучен на ден ______-______-20 _____ помеѓу:

1. ТИД "Студио Андес" ДООЕЛ Радовиш, адреса 8ми Септември број 107, Радовиш, даночен број МК4023005116230 жиро сметка 200001306330905 депонент на АД Стопанска Банка, подружница Радовиш, Кабелска Телевизија "Андес Нет" во понатамошниот тек на текстот "оператор":

и

2. Лицето ________________________________
   Адреса ________________________________ број ____________
   ЕМБГ/ЕДБ:________________________________
   Бр.на л.карта/Жиросметка________________________________
   Телефон:____________________ Мобилен:____________________
   Во понатамошниот текст на договорот "корисник".

**Член 1.**

## ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

Предмет на овој договор е утврдување на правата и обврските на двете договорни страни кои произлегуваат од склучувањето на овој договор.

Цел на овој договор е засновање претплатнички однос за обезбедување пристап на јавна кабелска мрежа и користење јавни комуникациски услови, под утврдени услови на овој договор, согласно законот за електронски комуникации.

**Член 2.**

## ОСНОВНИ И ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ

Со склучување на овој договор, операторот на претплатникот му овозможува монтирање и користење на приклучок за прием на радио и телевизиски програми преку јавната кабелска мрежа во просториите на претплатникот за следење на дистрибутивни радио и телевизиски канали.

Со склучување на овој договор, претплатникот добива право за користење на дополнителни услуги кои ги нуди операторот преку јавната кабелска мрежа во согласност со тарифниот модел кој го избрал претплатникот, а за истиот плаќа и соодветен надомест, согласно тековниот ценовник на операторот.

**Член 3.**

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ОПЕРАТОРОТ

- Операторот се обврзува да изврши приклучивање на претплатникот кон јавната кабелска мрежа во рок од 8 (осум) работни дена, од денот на потпишување на овој договор.
- Приклучувањето на јавната кабелска мрежа ќе се изврши од страна на стручни лица од страна на операторот, со што на корисникот ќе му овозможи квалитетен прием на минимум 40 РТВ програми, кои се пренесуваат преку мрежата – непрекинато 24 часа, односно на корисниците ќе им обезбеди техничка можност за прием на сите домашни радио и телевизиски програми, кои се емитуваат на тоа подрачје од легални емитувачи.
- Операторот се обврзува дека по извршување на работите околу приклучокот ќе обезбеди редовно одржување на мрежата. Доколку настане дефект на мрежата (во зависност од тежината на

дефектот), операторот е должен да пристапи кон отстранување на дефектот во рок од 24 (дваесетичетири) часа од неговото настанување.

- За користење на услугите од тековниот месец, операторот се обврзува да изготви сметка (фактура) на претплатникот и да му ја достави најдоцна до крајот на втората недела од наредниот месец.
- Операторот има право да ги користи податоците на претплатникот за свои потреби, согласно законските прописи.
- Операторот и/или давателот на услуги може да ги менува условите утврдени со претплатничкиот договор по претходно известување на претплатникот
- Операторот ќе превземе технички мерки за заштита на целокупната опрема вградена во мрежата, но не сноси одговорност за евентуален пренос на дефектот на мрежата предизвикан од страна на трето лице или виша сила.
- Операторот мора да обезбеди можност за поднесување на приговор во врска со одлуките и активностите на операторот и да одговара на поднесените приговори во рок на 15 (петнаесет) работни дена од доставувањето на приговорот.
- Операторот обезбедува техничка поддршка од 09:00 до 20:00 часот на телефонскиот број на операторот 032 611 611 каде претплатникот може да пријави било каков технички проблем.

**Член 4.**

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРЕТПЛАТНИКОТ**

- Претплатникот има право на квалитетно и непрекинато користење на услугите, во согласност со законот на други прописи и акти.
- За да може претплатникот да ги следи понудените аналогни ТВ програми од кабелска-та мрежа, потребно е да поседува ТВ приемник со можност за прием на таканаречените **S** и **Hyperband** канали , односно, фреквентен опсег од **47-862 MHz** и обезбедена (заземјена) електрична мрежа.
- Претплатникот се обврзува дека ќе им овозможи непречен пристап на стручните лица на операторот во своите простории во кои ќе се изврши монтажа, преглед или мерење на кабелската мрежа (сервисирање) и да не го попречува спроведувањето на кабелот на операторот од својот објект со соседните објекти.
- Претплатникот се обврзува да се грижи за опремата инсталирана во неговиот имот, а во случај на оштетување на истата, сам подлежи на одговорност.
- Претплатникот се обврзува дека нема самостојно да врши отстранување на дефекти на кабелската мрежа и дека нема да врши било какви дејствија врз опремата на кабелската мрежа, дури и ако биде/е исклучен од неа, како и да извести за евентуално оштетување на мрежата. Доколку постапи спротивно, должен е да ја надомести штетата.
- Претплатникот се обврзува дека нема да дозволи неовластено приклучивање на кабелската мрежа (да приклучи друг ТВ приемник или друго лице на својот приклучок). Во случај тоа да го стори ќе биде трајно исклучен од јавната кабелска мрежа и ќе му биде наплатено оштета согласно тековна цена на операторот.
- Претплатникот се обврзува веднаш да го извести операторот доколку дојде до промена на сопственоста на просториите каде е извршен приклучокот. Во тој случај постојат две можности:
    1. Претплатникот е должен да ги подмири сите обврски кон операторот и да го раскине договорот, согласно член 6 од овој договор, а за новиот сопственик на просториите, доколку сака да ги користи услугите на операторот, да се склучи нов договор.
    2. Претплатникот може да го отстапи приклучокот на новиот сопственик со потпишување на анекс кон овој договор, со што, сите обврски ќе ги превземе новиот сопственик.
- Претплатникот има право да побара времено исклучување од јавната кабелска мрежа и за тоа ќе плати еднократен надоместок .Во периодот на привремено исклучување на претплатникот, нема да му се наплаќа месечен надоместок – започнувајки од први наредниот месец.

**Член 5.**

**НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

- Операторот се обврзува да му достави сметка (фактура) на корисникот најкасно до крајот на втората недела од месецот за изминатиот месец а Корисникот се обврзува да ја плати доставената сметка (фактура) од операторот во износ од ________,односно _______ за инвалиди

најкасно до крајот на наредниот месец. Доколку корисникот НЕ добиe сметка (фактура) во предвидениот рок согласно договорот, истиот е должен да побара препис од во просториите на опраторот и истата да ја плати до крајот на наредниот месец – сметката (фактурата) за претходниот месец.

- Доколку од оправдани причини прекинот на услугата трае повеќе од 48 часа (непрекинато), операторот ќе му одбие износ од месечниот надомест пропорционален на времетраењето на прекинот.
- Доколку претплатникот не ја плати доставената сметка (фактура) во рок утврден во член 5 став 1 од овој договор, операторот е должен да го предупреди претплатникот, при што ќе му определи рок во кој е должен да го уплати целиот долг, во спротивно ќе биде исклучен од јавната кабелска мрежа. За повторно вклучување кон јавната кабелска мрежа, освен заостанатиот долг, претплатникот ќе ги сноси трошоците кои се направени за негово исклучување и за повторно вклучување, кои ги определува операторот, согласно со тековниот ценовник на операторот.
- Доколку во рок од 60 дена претплатникот НЕ ја плати сметката (фактурата), операторот има право да го раскине договорот и да постапи согласно член 6 став 5.

**Член 6.**

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

- Овој договор се склучува на неопределено време, односно определено (мин 12/макс24 месеци) ________________и истиот е во важност се додека некоја страна не побара негово раскинување, односно се до негово завршување.
- Претплатникот може да го раскине договорот со поднесување писмено барање на пропишан образец,изготвен од страна на операторот, после истекување на важноста на истиот во рок од 5 дена после поднесувањето на барањето.
- Доколку претплатникот бара да се раскине договорот пред истекот на неговата важност должен е да плати пенали во износ од ____________
- Операторот и/или давателот на услуги може да ги менува условите утврдени со претплатничкиот договор по претходно известување на претплатникот.
- Операторот и/или давателот на услуги треба да го извести претплатникот во рок кој не може да биде пократок од 30 дена пред воведувањето на измените. Известувањето треба да ги содржи сите предложени измени во условите наведени во претплатничкиот договор, како и правото на претплатникот дека во истиот период, односно во рокот кој не може да биде пократок од 30 дена од денот на известувањето, без последици да може да го раскине претплатничкиот договор, доколку не се согласува со предложените измени.
- Доколку операторот и/или давателот на услуги не постапи во согласност со став (4) од овој член, тоа нема да ги ослободи претплатниците од плаќање на пристигнатите и неплатени обврски или исполнување на договорените обврски пристигнати пред извршените измени во условите наведени во претплатничкиот догово

**Член 7.**

**Приговори и жалби**

1. Претплатникот има право на приговор против одлуките или активностите на операторот и/или давателот на услуги во врска со пристапот до или обезбедување на услуги.
2. Операторот и/или давателот на услуги треба во своите општи услови за пристап и користење на комуникациските услуги да ги наведе условите за поднесување на приговорот од став (1) на овој член, а особено роковите и начинот на поднесување на приговорот, да наведе податоци за името и седиштето, броевите на телефони на надлежната служба за решавање по приговори, како и за можноста за добивање на образец за поднесување на приговор.
3. Приговорот се поднесува до операторот во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, односно од започнување на активностите кои се предмет на приговорот.
4. Во случај на поднесен приговор до операторот во врска со износот на сметката, се до донесувањето на конечна одлука, претплатникот е должен да го плати само износот на месечната претплата до датумот наведен во сметката во било кое продажно место на

операторот и/или давателот на услуги или други достапни начини за плаќање од страна на операторот и/или давателот на услуги.

5. Операторот и/или давателот на услуги по поднесениот приговор треба да одлучи во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот и за тоа писмено да го извести претплатникот. Известувањето треба да содржи детално образложение за причините за одбивање, односно прифаќање на приговорот, како и упатство за правото на претплатникот да поднесе барање за заштита на своето право до Агенцијата. Кон известувањето се приложуваат и соодветни докази (на пример службена белешка за извршената техничка контрола и сл).

6. Доколку претплатникот не е задоволен од донесената одлука по приговорот има право во рок од 15 дена од денот на приемот на истата да побара заштита на своето право пред Агенцијата.

7. Доколку операторот и/или давателот на услуги не постапи по приговорот во рокот утврден во ставот (5) од овој член, претплатникот има право да побара заштита на своето право пред Агенцијата во рок од 35 дена од денот на поднесувањето на приговорот до операторот и/или давателот на услуги.

8. Агенцијата, одлучува по приговорот од претплатникот во рок од 42 дена од денот на приемот.

9. Бројот 190 е бројот на Агенцијата за електронски комуникации каде што корисникот може да побара остварување на своите права.

**Член 8.**

**ВИША СИЛА**

- Користењето на услугите кои ги обезбедува операторот може да бидат прекинати поради дејство на виша сила. Под виша сила се подразбира настан независен од вољата на договорените страни, чие настанување неможело да се спречи, предвиди – поради што исполнувањето на обврските од договорот станало отежнато или неможно, вклучувајки, но неограничувајки се на: природни или општествени настани (штрајк, немири, војна, земјотрес и слично).

**Член 9.**

**ПРАВОСИЛНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

- Овој договор е составен во 2 (два) оригинални примероци, по еден за секоја договорна страна.

**Член 10.**

**НАДЛЕЖЕН СУД**

- За било каков спор околу овој договор надлежен е Основниот суд во Радовиш.

**Корисник:**

**Оператор:**
ТРД Андес Нет ДООЕЛ Радовиш